Наташа АНГЕЛОСКА-ГАЛЕВСКА **УДК: 371.134**

# СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА НА НАСТАВНИЦИТЕ

***Кратка содржина***

*Текстот содржи кус опис и оцена на состојбите во сферата на образованието и обука на наставниците за средните стручни училишта во Република Македонија. Во него се вклучени статистичките податоци и изводи од законската регулатива кои се однесуваат на иницијалното образование на наставниците и нивното натамошно професионално усовршување, направен е осврт кон досегашните донаторски обиди за интезивирање на реформите во средното стручно образование и посочени се релевантни информации за актуелните случувања, трендови и предизвици со креирањето на поквалитетен систем на образование и обука на наставниците.*

***Клучни зборови:*** *СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ, ИНИЦИЈАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА НА НАСТАВНИЦИ, ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ.*

## ВОВЕД

На почетокот на 2006 година, Европската Фондација за Обука подготви Каталог за системите за стручно образование и обука во Југоисточна Европа.

Каталогот претставува прва и оригинална презентација на состојбите во земјите на Југоисточна Европа, изготвен е од локални експерти и базиран на компаративен регионален пристап со воедначена методологија. Во неговото создавање учествуваа седум автори со прилози за системите за стручното образование и обука во Македонија, Србија, Црна Гора, Косово, Албанија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Уредници на Каталогот се Сорен Нилсен и Наташа Ангелоска-Галевска

Каталогот треба да помогне во градењето на заедничка платформа и дијалог во сферата на стручното образование и обука, како и да помогне во успешното реализирање на националните и меѓу-

народните активности на овој план. Информациите содржани во него може да биде од корист за локалните носители на образовната политика, практичарите, како и за меѓународната донаторска заедница.

Каталогот е подготвен на англиски јазик и може да се најде во електронска форма на веб страницата на Европската Фондација за Обука од Торино, www.etf.eu.int

Текстот кој овде го презентираме е адаптација на поглавието кое го подготвивме за Каталогот каде е направен кус опис и оцена на актуелните состојби во стручното образование и обука во Република Македонија.

## I. Основни информации

Според последниот Попис од 2002 година, во Република Македонија живеат 2 022 547 жители. Една четвртина од вкупното население живее во Скопје, кој е најголем град и политички, културен и економски центар на државата.

На 8-ми септември 1991 година, Македонија, преку референдум, се определи за издвојување од југословенската федерација и стана суверена и независна држава. Истата година, на 17-ти ноември, Собранието го усвои новиот устав, кој гарантира правна држава, демократски политички систем, човекови права и слобода за сите граѓани. Според Уставот, Република Македонија е земја со парламентарна демократија.

Република Македонија е членка на Обединетите нации (1993), на Советот на Европа и Светската Трговска Организација. Интензивно соработува со ОБСЕ, НАТО, Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд и други меѓународни организации. Во април 2001 година беше потпишан Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Европската Унија и нејзините земји членки, и Република Македонија. Ова претставува важен чекор за земјата на нејзиниот пат кон членство во ЕУ, НАТО и за останатите светски и Европски интегративни процеси.

На 14-ти декември 2005 година, Република Македонија стана земја-кандидат за членство во ЕУ и очекува оваа одлука да ги отвори преговорите за пристап кон Европската Унија. Тоа е главниот приоритет на Владата, кој е поддржан од сите политички партии и целото општество и е единственото политичко прашање за кои постои

потполн консензус кај сите страни. Според истражувањата, поддршката за интеграција во ЕУ кај народот изнесува скоро 90%.

Состојбата во земјата во моментов е турбулентна, со мошне ниска стапка на економски пораст. Спората ликвидација на големите загубари и лошо спроведената приватизација на државните претпријатија произведе сериозни проблеми. Политичката и безбедносна криза од 2001 година, сеуште изискува силни политички и административни напори за нејзино надминување. Јавната администрација, пензиските фондови, судскиот, здравствениот и образовниот систем се во процес на реформирање со сите придружни потешкотии во нивната реализција.

Најголемиот товар за земјата е високата стапка на невработеност, која се приближува до трагични 40%. Мнозинството од овие невработени имаат завршено средно образование. Невработеноста е најприсутна кај популацијата на возраст од 20 до 29 години. Најголем дел од невработените чекаат вработување повеќе од четири години. Армијата невработени во најголема мера се резултат на процесот на приватизација, при што беа ликвидирани големите претпријатија. Постои изразена нерамнотежа и меѓу барањата на пазарот на трудот и понудата на работни профили.

Покрај економската ревитализација, образованието и обуката се сметаат за клучни „спасители" кои можат да ја извлечат земјата од оваа депресија. Формалното и неформалното образование во моментов минуваат низ радикални реформски зафати, можеби најрадикални од нивното реструктурирање по Втората светска војна.

## II. Актуелни состојби во средното стручно образование и обука

### 1. *Стручното образование и обука во образовниот систем на РМ*

Според Законот за средно образование ('лен 52), учениците можат да се запишат во средните стручни училишта како редовни и вонредни ученици, откако ќе завршат основно образование, односно наполнат 14 години.

Во Република Македонија постојат *91 јавно средно училиште* со *5 749 наставници и 93 526 ученици*. Истотака има и 5 приватни средни училишта со 848 ученици и 119 наставници.[1] Само 16 од овие училишта се во целост гимназиски, додека останатите се стручни училишта или пак се комбинирани, со гимназиски и стручни паралелки. Во учебната 2003/2004 година, 25 999 ученици се запишале во прва година на средното образование, што претставува 86,3% од вкупната генерација која завршила основно образование во претходната година. Тоа значи дека на еден висок процент, 13,6% од децата на 14-годишна возраст кои завршиле основно образование, не им е овозможено понатамошно образование.

Процентот на *осипување* во средното образование изнесува 2,84% годишно, што вкупно, од првата да последната година средно образование, изнесува 11,76%. Овој процент на осипување во средното образование е двојно поголем од процентот на осипување во основното образование.[2]

Јавното стручно образование може да трае две, три или четири години. Досега постои мал интерес за *двегодишната* стручна обука за работа, која претставува прв, најнизок степен на стручна квалификација. Такви програми се нудат само во мал број струки: механичката, градежната, електро-техничката и други. На *тригодишни* стручни образовни програми, кои претставуваат втор степен на стручна кавлификација, се запишани 9,99% од учениците, што претставува релативно мал процент во однос на 39,3% ученици кои посетуваат гимназии и 50,8% ученици кои се запишани на четиригодишни програми во средните стручни училишта. Постојат вкупно 91 вид на тригодишни стручни програми за различни профили. Во овие програми, околу 50% од содржините се од општообразовни предмети, 30% од стручни теориски предмети и 20% практична обука.

Тригодишното стручно образование досега не беше вклучено во процесот на реформи. Само некои наставни програми поврзани со машинската и електро-техничката струка се во процес на реформирање преку проект на гермаската техничка Асоцијација – ГТЗ. Во овој проект се применува дуалниот систем, каде соодносот меѓу теоријата и практиката е 50:50. Половина од практичната обука, од-

[1] Според податоци од крајот на учебната 2002/2003 година.

[2] Податоци за учебната 2003/2004 година, извор: Нацрт програмата за средно образование.

носно 25% од вкупната програма се одвива во претпријатија. Имплементацијата на дуалниот систем наидува на големи проблеми поради недоволно развиениот пазар на труд и малиот број компании кои можат да понудат таква обука.

Реформата на четиригодишното средно образование почна во 1996 година. Новиот концепт се применува експериментално од 1999 година, со подршка од програмите PHARE и CARDS. Беа потребни шест години да се иновираат наставните програми, но од учебната 2005/6 година сите стручни училишта почнаа да работат според новите програми. Главната промена во овој концепт е проширувањето на дотогаш тесно-специјализираните програми во стручните училишта. Во новиот концепт постојата *14 струки со 43 профили.*

*Специјалистичкото образование* е достапно за сите кандидати кои завршиле четиригодишни програми и имаат работно искуство од две до пет години, во зависност од курсот. Студентите кои посетуваат специјалистичко образование работат под менторство, најчесто една година, а потоа треба да положат специјалистички испит, по кој стекнуваат IV степен на стручна квалификација.

*Образованието и обуката на возрасните* во РМ се изведува на следниве начини:

- Стекнување на стручно образование во *училишта* според наставни програми верификувани од страна на државните институции. Во моментов има 15 училишта за основно образование на возрасни со 586 ученици и 56 наставници;
- Програми и курсеви во *работничките центри за стручна обука,* кои се со различно траење, прилагодени кон потребите на пазарот на трудот и кон личните потреби на кандидатите;
- Програми за стручна обука, дополнителна обука и специјализација, по завршувањето или како дополнување на средното стручно образование.

Во минатото, не се посветуваше доволно внимание на образованието на возрасните. Оваа проблематика се регулира со законите за основно и средно образование. Пред неколку години, започнаа определени активности за реформирање на образованието на возрасните, во рамките на процесите ѕа реформа на средното стручно образование. Во подготовка е Стратегија за образование на возрасните, а во 2007 година се очекува и посебен закон кој ќе го регулира ова прашање. Со овој закон, системот за образование на возрасни

ќе добие законска рамка, со соодветни мерки за организирање и воспоставување на даватели на образовни услуги за возрасни, подобрување на комуникацијата меѓу формалното образование и информалните облици на образование на возрасни, подобрување на односите меѓу пазарот на трудот и институциите за образование на возрасни, регулирање на начинот на финансирање на образованието на возрасните. итн.

### 2. *Организација, финансирање и услови за работа*

До крајот на месец јули 2005 година, јавното образование беше крајно централизирано. Трошоците за образовниот сектор се префрлуваа од државниот буџет до Министерството за образование и наука. Само 3,6% од БДП се одвојуваат за образование: 57% за основно образование, 24% за средно овразование, вклучувајќи го и средното стручно овразование, и 19% за високото образование. Околу 80% од овие средства се одвојуваат за плати на наставниците. Министерството ги префрла средствата за платите на сметките на училиштата. Наставниците ги добиваат своите плати со задоцнување од 5 до 15 дена секој месец. Средствата за струја, вода, греење и други трошоци се префрлуваат со многу поголемо задоцнување.

Платите на наставниците имаат приоритет во финансирањето, но и покрај тоа, социјалниот статус на наставниците е мошне низок. Наставничката плата е само малку помала од просечната нето плата во Македонија, која изнесува отприлика 200 евра. Синдикатот на вработените во образованието, науката и културата повремено организира протести и штрајкови, барајќи подобри успови за наставниците, во согласност со Колективниот договор потпишан со Владата. Министерството за образование и наука е свесно за тешката состојба во образованието, но не успева да обезбеди доволно средства за реконструкција и поправка на училишните објекти иако дел од нив се сосема руинирани. Училиштата не добиваат средства за набавка на опрема и наставни и нагледни средства.

Од јули 2005 година, со Законот за локална самоуправа, започна процес на децентрализација во образованието, што подразбира поголема одговорност и анагжман на властите на локалната самоуправа за сите прашања поврзани со квалитетот на работата во училиштата, финансирањето итн. Според новата законска ре-

гулатива, средствата за средните стручни училишта треба да се префрлат од државниот буџет во општините. Потоа, општините ги распределуваат средствата до училиштата, според формула базирана на различни коефициенти, меѓу кои најважен е бројот на учениците во училиштето.

Децентрализацијата, покрај позитивните решенија, донесе и многу практични проблеми. Додека локалните власти и Министерството се расправаат, училиштата очајно чекаат на неопходните средства.

Во образованието сеуште не се практивираат механизми за евалуација на работата на наставниците, но стратешките документи за оваа област веќе се изготвени. Останува да се дефинираат стандардите за мерење на квалитетот на наставата и учењето.

Нивото на обученост на стручните наставници за имплементација на реформираните програми е различно. Оние кои порано се вклучија во Програмата PHARE VET се мошне добро обучени, но има голем број наставници кои не се обучени да ги применуваат новите методи на поучување и да управуваат со новата опрема која ја добија училиштата. Овој несразмер треба да се намали во текот на Фазата 4 од Проектот VET, каде обуката на овие наставници е една од главните цели на програмата.

И покрај бројните проекти за подобрување на квалитетот на наставниот процес, во училниците сеуште доминира традиционалниот пристап и пасивен статус на ученикот во наставата. Оценувањето на учениците е засновано на усна или писмена проверка на нивното знаење изразено преку репродукција на факти содржани во учебникот.

### 3. *Иницијална обука на наставниците*

*Квалификациите* кои треба да ги поседуваат наставниците кои работат во средните стручни училишта во Република Македонија се регулирани со Законот за средно образование[3]. Според овој закон, наставници во средното образование може да бидат лица кои дипломирале на соодветен факултет и кои положиле стручен испит. Наставници во средното образование можат да бидат и лица кои

[3] *Закон за средно образование, член 72*, „Службен весник на Република Македонија„ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04 и 55 /05.

дипломирале на други факултети, но завршиле педагошко-психолошка и методска обука на соодветните факултети и положиле стручен испит. Со оваа регулатива, иницијалната обука на наставници се одвива на *универзитетско ниво* на наставничките факултети, како на пр: Филозофски факултет, Филолошки факултет, Природно-математички факултет, Факултет за физичка култура, Факултет за ликовна уметност и Факултетот за музичка уметност.

Наставниците кои дипломирале на другите ненаставнички факултети, како на што се: технички, медицински, правен, економски, земјоделски, шумарски, туризам и други, немаат можност да стекнат педагошка обука за време на своите студии. По дипломирањето, доколку се одлучат за кариера во средното стручно образование, мора дополнителна да се доквалификуваат за наставници преку еден вид компензациска педагошка програма. Оваа прогама се организира на Филозофскиот факултет во Скопје и некои педагошки факултети и тоа преку менторски систем, без организирање на наставни курсеви. Студентите сами се подготвуваат за испити, според курикулумот кој е фокусиран на педагогија, психологија и методика на стручните предмети. Постои општо мислење дека овој вид на обука е недоволен и несоодветен, така што во изминативе години има иницијативи за негово подобрување.

Во контекст на овие прашања, најважен документ претставува ***„Националната програма за развој на образованието во РМ за периодот 2005-2015 „одина“***. Во овој документ се наведува дека постои итна потреба од подобрување на иницијалната обука и професионалното усовршување на наставничкиот и раководниот кадар во училиштата. Предвидени се голем број идни активности. Прв чекор кој претстои пред Министерството за образование и наука е дефинирање на стандардите за обука на наставници и на стручните и професионални компетенции кои секој наставник треба да ги поседува. Наставниците кои ги поседуваат овие компетенции ќе се здобијат со „лиценца“ за работа. Истотака ќе се изготви сет на индикатори според кои ќе се вреднува и оценува работата на наставниците. Според овие индикатори, наставниците ќе добиваат поени кои ќе овозможат нивен личен и професионален развој.

Во согласност со целите на новата национална стратегија, Филозофскиот факултет од Скопје разви едногодишна програма за иницијална обука на идни наставници за средно стручно образование, која се состои од 10 модули засовани на флексибилни патишта за

учење. Оваа програма е дефинирана врз основа на утврдените посакувани компетенции на наставниците; практично е ориентирана и го компензира недостатокот на педагошка, дидактичка и стручна обука.

### 4. *Професионално усовршување на наставници*

Системот за иницијална обука на наставници воглавно се одвива на универзитетите, додека професионалното усовршување е во надлежност на Бирото за развој на образованието (БРО), кое е составен дел на Министерството за образование и наука.

Што се однесува до професионалниот развој на наставниците, според сегашниот закон[4], регулирано е наставниците почетници и стручните соработници – почетници (педагог, психолог и други) да работат една година како приправници, под супревизија на ментор од училиштето, по што се обврзни да полагаат стручен испит според програма одобрена од Министерството за образование. Според Законот директорите, наставниците и стручните соработници се обврзни професионално да се развиваат во текот на својата кариера.[5]

Долги години наназад, професионалното усовршување не беше организирано систематски туку стихијно. Причините за ваквата состојба произлегуваа од недостатокот на национална стратегија во оваа област, недоволната и неефикасна соработка меѓу надлежните институции (БРО, универзитети, стручни училишта), а најмногу на недостаток на домашна материјална и финансиска помош. Професионалното усовршување и сега главно се одвива во рамките на различни проекти финансирани од надворешни донатори, како на пример: PHARE, CARDS, УСАИД, Светска банка, ФИООМ и ГТЗ. Само дел од наставниците се вклучени во овие семинари, така што еден голем број наставници со години не добиле никаква дополнителна педагошка или стручна обука.

Според новата законска регулатива која се подготвува, Одборот за акредитација ќе ги одобрува сите институции кои ќе бидат овластени да организираат обука на наставници. Акредитацијата на овие институции ќе зависи од нивните капацитети и квалитетот на обуката што тие можат да го понудат. Воспоставувањето на *слободен*

---

[4] Закон за средно образование чл. 66-67.

[5] Закон за средно образование чл. 38.

*пазар на акредитирани даватели на обука на наставници* веќе започна во земјава и е силно поддржано од „Проектот за модернизација на образованието". Се планира и имплементација на системот за *кариерен развој на наставници,* кој ќе овозможи нивно напредување не само во поглед на звањата, од наставник-почетник до наставник-ментор, туку и во поглед на средствата што ќе можат да ги остварат. Секое ниво во тој скалест кариерен развој, претпоставува повисоки стручни и професионални компетенции, а вреднувањето и сертифицирањето на наставниците треба да се врши преку дефиниран сет на индикатори.

Во сегашната состојба на девалвираност на наставничката професија и лош материјален и социјален статус на наставниците, моделот на кариерен развој може да претставува системски чекор кон подинамична мобилност на наставниците и зголемена мотивација за сопствено унапредување, што ќе резултира со подобрен квалитет на воспитно-образовната работа.

## III. Предизвици и трендови на развој

Зајакнување на системот за иницијална обука и професионално усовршување е еден од врвните приоритети во идниот развој на земјата. За негово остварување, неколку активности се од клучна важност, меѓу кои особено е значајно воспоствиувањето на нова законска регулатива. Новиот Закон за стручно образование и обука кој е во процедура на усвојување, предвидува формирање на две значајни тела: Национален совет за средно стручно образование и обука и Центар за средно стручно образование и обука. Националниот совет за средно стручно образование и обука тќе се состои од 10 члена од соодветни институции и ќе има советодавна функција во креирање на стратегија за развој на средното стручно образование на макро ниво. Центарот за средно стручно образование и обука ќе биде директно одговорен за квалитетот на средното стручно образование и обука.

Во многу скоро време се очекува новиот Закон за високо образование, а потоа и посебен закон за регулирање на образованието на возрасни и доживотното учење, со што ќе се создадат услови за имплементација на концептот за доживотно учење. Признавањето на формалното, неформалното и информалното учење ќе резултира

со образовна мобилност на сите групи од популацијата, што значи полесна и побрза пре-квалификација и намалување на невработеноста.

Главните предизвици за идниот развој на стручното образование и обука на наставниците во идниот период се:

- обука на наставници за примена на активни наставни методи и користење на информациско-комуникациската технологија во педагошки цели;
- практична имплементација на концептот на „образовни излези", базиран на стандарди на компетенции и вештини што ученикот треба да ги ги усвои;
- развој и примена на механизми за обезбедување на квалитет;
- развивање на национални стандарди за стручни квалификации;
- имплементација на новата улога на просветните инспектори (од контрола кон советување);
- воспоставување на Државен испитен центар, итн.

## IV. Реформски активности на донаторите и сопствени ресурси

Во Република Македонија се спроведува голем број активности за реформирање на средното стручно образование и обука, најчесто финансирани од донатори и влади на други земји.

Реформите во средното стручно образованите започнаа во 1998 година со PHARE програмата. Една од главните цели на оваа програма беше подготовка на наставниците за имплементирање на новите наставни програми и примена на активни методи, техники и стратегии. Во тек е имплементацијата на четвртата фаза на оваа програма (*CARDS VET 4)*.

Во моментов, најголем проект во Македонија е Проектот за модернизација на образованието (Education Modernisation Project), со буџет од 20 милиони долари, финансиран преку заем од Светската банка, грант од Холандија и сопствени средства на Владата на Република Македонија. Главната цел во однос на обуката на наставниците е воспоставување на систем за акредитација во кој профе-

сионалното усовршување на наставниците ќе се обезбедува од повеќе даватели на услуги кои задоволуваат соодветни критериуми за квалитет во работата.

Проектот Активности во средното образование – Secondary Education Activity *(CEA)* е финансиран од УСАИД и поддржува 50 пилот училишта во поглед на професионалниот развој на наставници преку примена на интерактивни образовани стратегии, со што се интегрира теоретското знаење и практичната работа. Како дел од овој пристап, CEA воспоставува виртуелни компании и овозможува поддршка за формирање на вистински компании во средните стручни училишта. Освен тоа, со помош на CEA проектот започна програма за обука на директори од средните училишта.

Активностите на Проектот електронско училиште (*e-school project*), истотака финансиран од УСАИД се фокусирани на обука на наставниците за воведување, поврзување и интеграција на проектно учење и информациско-комуникациската технологија во локалната заедница.

Проектот на Германската техничка асоцијација – ГТЗ е наменет за реформирање на тригодишните програми за средно стручно образование. Во него е предвидена обемна дидактичка и стручна обука на наставници од осум пилот училишта.

Сите овие реформски активности во средното стручно образование се значајни и соодветствуваат на новите потреби на модерното општество кое бара обучени наставници со видоизменета улога. Сепак, главните слабости во проектните активности се нивното кусо времетраење и отсуството на вистински ефекти врз севкупниот систем на стручно образование и обука. Само сеопфатен и интегриран пристап може да овозможи компатибилност и ефикасност на реформските процеси во стручното образование и обука. Затоа е неопходно воспоставување на цврста врска меѓу националните високообразовни институции надлежни за обука на наставници и реформските активности финансирани од надворешни донатори и организации.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Велковски*)

## ЛИТЕРАТУРА

***Закон за средно обнразование***, „Службен весник на Република Македонија", бр. 67/04, бр. 55/05;

***Law of Secondary Education***, "Offical Gazette of the Republic of Macedonia" No. 67/04, No. 55/05;

***Национална сшрашегија за развој на образованиешо во Рейублика Македонија**: 2005-2015*, (2005) Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија;

***National Starategy for the Development of Education in The Republic of Macedonia***: 2005-2015, (2005) Skopje: Ministry of Education and Science of the Republic of Macedonia;

**Статистички годишник 2003 на Република Македонија**, Државен статистички завод, РМ;

**Statistical Yearbook 2003 of the repulic of Macedonia,** State Statistical Office, RM;

**TEMPUS Joint European Project Teacher' and Trainers' Training & Retraining for reformed VET** (2001), Skopje: Faculty of Philosophy, Institute of Pedagogy;

**http://www.bologna-bergen2005.no**
**http:///www.mon.gov.mk**
**http://www.sei.gov.mk**
**http://www.stat.gov.mk**
**http://www.see-educoop.net/**
**http://europa.eu.int/comm/education/index_en.html**

Natasha ANGELOSKA-GALEVSKA

# MODERN TRENDS IN VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING OF TEACHERS


## Abstract

*The article gives short discription and assessment of the state of art in the sphere of vocational education and training in the Republic of macedonia. The text contais statistical data and law regulations concerning the pre-service of teachers, give overview of the donators support for intensifying the reform processes in VET and offer relevant informatin for actuel developments, trends and challenges in creating bettersystem for education and training of teachers.*

*Reform activites in vocational teacher training are relevant and much needed to the new demands of the modem society that requires trained teachers whose role is changed. However, the main weakness in these reforming processes are that they are short-time and that they have not had real impacts in terms of affecting bigger changes in the overall VET system. The links with national higher education institutions resonsible for teacher traning is very loose, to put it mildly.*

*A more global, inclusive and 'embedded' approach is needed to ensure compatibility and effectiveness of the reform activities.*


***Keywords:*** *VOCATIONAL CDUCATION AND TRAINING, PRE-SERVICE AND IN-SERVICE TEACHER TRAINING, PROFESSIONAL DEVELOPMENT.*